23539 ⑥

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289.
Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
21. IX. 1977



Од отворањето на изложбата на фотографската уметност на НР Кина

ВО МУЗЕЈОТ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

# ОТВОРЕНА ИЗЛОЖБАТА НА УМЕТНИЧКА ФОТОГРАФИЈА НА НР КИНА

— НА ИЗЛОЖБАТА СЕ ПОМЕСТЕНИ ОСУМДЕСЕТ И ЕДНА ФОТОГРАФИЈА НА КОИ Е ПРИКАЖАНА СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА ИЗГРАДБА НА ОВАА ПРИЈАТЕЛСКА ЗЕМЈА

**ВО МУЗЕЈОТ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ,** пред два дена, беше отворена Изложбата, на уметничка фотографија на НР Кина Изложбата, во присуство на поголем број општествено политички, научни и културни работници, ја отвори Ружа Паноска, член на Извршниот совет на СРМ. На отворањето присуствуваше и советникот за култура на амбасадата на НР Кина во нашата земја Хуа Куанг.

На осумдесет и една фотографија, што се изложени, прикажана е социјалистичката изградба на оваа пријателска земја, битката за што поголемо производство, научни достигања, како и животот на современиот Кинез и природните убавини на оваа земја.

На изложбата се прикажани дел од фотографиите што во последните години ги направиле кинеските професионални фотографи и фотоаматери, придружувајќи се кон насоката дека фотографската уметност треба да им служи на работниците, селаните и војниците и на пролетерската политика, при што настојуваат што подлабоко да навлезат во животот, во трите големи револуционерни движења — класната борба, борбата за производство и научно то експериментирање — се вели во предговорот на каталогот кон изложбата.

**ОРГАНИЗАТОРИ НА ОВАА ИЗЛОЖБА** што секако ќе придонесе за културната размена помеѓу Кина и Југославија и ќе го поттикне запознавањето и пријателските односи помеѓу нашите две земји, се Музејот за современа уметност — Скопје и Републичката комисија за културни врски со странство на СРМ. Изложбата ќе биде отворена до 27 септември.

Л. М.